СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 12/22

Излегува по потреба 26.10.2022 год. среда бр.12 година XXVI
Ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за организацијана манифестацијата “Фестивал на жетвата“-Новаци 2022г.

1.Објавувам, Одлука за усвојување на Извештај за организација на манифестацијата вФестивал на жетватав Ѣ Новаци 2022г, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 20.10.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/1
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Извештај за организација на манифестацијата “Фестивал на жетвата“
Новаци 2022г

Член 1
СЕ УСВОЈУВА Извештајот за организација на манифестацијата вФестивал на жетватав Ѣ Новаци 2022г.

Член 2
Составен дел од оваа одлука е Извештај за организација на манифестацијата вФестивал на жетвата в - Новаци 2022г.(наш број 03-427/122 од 29.08.2022г.)

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/5
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 год.

1.Објавувам, Одлука за измени и дополнувања на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022г., донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/2
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 7 и член 94 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА

за изработка на урбанистички планови на територијата
на Општина Новаци за 2022 година

Врз основа на прифатената Иницијативи од страна на Комисијата за урбанизам при Општина Новаци, поднесена од страна на Ал Насер 2000 Компани доо, Скопје, преку полномошникот Биро за урбанизам, дооел., Битола под бр. 09-828/3 од 04,10,2022 предлагаме да се направи дополнување на оваа програма и во делот УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО под точка 3 да се внесе изработка и одобрување на:

Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6-Магацин на К.П.бр.1059, К.П.бр.1060, К.П.бр.1061, К.П.бр.1065, К.П.бр.1066/1 и К.П.бр.1066/2, К.О. Гермијан, Општина Новаци

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на Урбанистички планови вон населено место
- Изработка на Урбанистички проекти

Имајќи го во предвид член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.32/2020) ќе продолжат постапките за изработка и донесување на следните документации за кои е одобрена планска односно проектна програма:

- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за

изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2022 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан
3. УПС за село Живојно
4. УПС за село Рибарци
5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци
7. УПС за село Бач
8. УПС за село Горно Агларци
9. УПС за село Далбеговци
10. УПС за село Добромири

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Г2, Г3, Г4, КО Новаци вон град, Општина Новаци
2. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, Општина Новаци
3. **Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6-Магацин на К.П.бр.1059, К.П.бр.1060, К.П.бр.1061, К.П.бр.1065, К.П.бр.1066/1 и К.П.бр.1066/2, К.О. Гермијан, Општина Новаци**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Постапката за изработка и донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електроцентрала со моќност до 1 MW со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 468, КП 469, дел од 488 КО Новаци вон.гр, Општина Новаци заврши.

1, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена В5.1 – црква Св. Петар и Павле на КП 1820 КО Рапеш, Општина Новаци

2, Урбанистички проект за инфраструктура за Е1.7-топловод, село Новаци, Општина Новаци

3, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,1 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци
4, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,2 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци
5, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,3 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци
6.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба – фекална канализациона мрежа и пречистелна станица во с. Добромири, Општина Новаци
7, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7,2MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци
8, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци
9, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП 1744, КП 1746, КП 1747, КП 1748, КП 1749, КП 1751, КП 1752, КП 1753, КП 1753, КП 1762, КП 1763, КП 1764, КП 1773 и дел од КП 1203 КО Зовиќ1, Општина Новаци

Согласно член 93 ќе продолжат постапките за следните плански и планско – проектни документации согласно претходниот закон:

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на намена ДЗ – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
4. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
5. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.

6. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци
7. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци
8. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци
9. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 236) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци
10. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 235) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на CO2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на CO2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес

1.Објавувам, Одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/3
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 48, член 46 и член 94 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на штета од земјотрес и именување на членови на комисијата бр. 14-95/13 од 31.01.2022, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за разрешување и именување на нови членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес

Член 1

1.СЕ РАЗРЕШУВААТ Борис Христовски и Благоја Петровски, вработени во општина Новаци од членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес поради остварување на право на старосна пензија.

Член 2

2. СЕ ИМЕНУВААТ Николче Димовски и Пецо Дојчиновски, советници во Советот на општина Новаци, за нови членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес при општина Новаци.

Член 3

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/7
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Новаци

1.Објавувам, Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/4 Општина Новаци
25.10.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштин- ска соработка (,,Службен весник на РМ,, 79 /09), член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Новаци(,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Новаци

1. За членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци се именуваат:

1. Летка Јовановска
2. Николина Лозановска

2. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Бр.14-921/8 Совет на општина Новаци
26.10.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК

за објавување на Одлука за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола

1.Објавувам, Одлука за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/5
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 48 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (“Службен гласник на Општина Новаци” бр.7/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 20.10.2022г донесе

О Д Л У К А
за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие **“**ПЕЛАЛИНК” –Битола

Член 1

СЕ РАЗРЕШУВА Менде Трајковски од с.Маково од член во Надзорен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК” – Битола.

Член 2

СЕ ИМЕНУВА Даниел Петровски од с. Новаци за нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”

Бр.14-921/9
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола

1.Објавувам, Одлука за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год..

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/6
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” БР.5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 34 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (“Службен гласник на Општина Новаци” бр.7/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 20.10.2022г донесе

О Д Л У К А
за разрешување и именување на нов член во Управниот одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие **“**ПЕЛАЛИНК”– Битола

Член 1

СЕ РАЗРЕШУВА Тони Талевски од с.Новаци од член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК” – Битола.

Член 2

СЕ ИМЕНУВА Гоце Талевски од с.Брод за нов член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК” –Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник“ на Општина Новаци

Бр.14-921/10
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за именување нов член во Надзорен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ - Новаци

1.Објавувам, Одлука за именување нов член во Надзорен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ - Новаци донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/7
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 48 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (“Службен гласник на Општина Новаци” бр.7/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 20.10.2022г донесе

О Д Л У К А
именување нов член во Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ - Новаци

Член 1

СЕ ИМЕНУВА Елена Николовска од с.Новаци за нов член во Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ - Новаци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”

Бр.14-921/11
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци

1.Објавувам, Одлука за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/8
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци

Член 1

СЕ УСВОЈУВА измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2022г. на општина Новаци

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци бр. 01-926/1 од 14.10.2022г.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/12
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на
ЗУСК “Славко Лумбарковски“ - Новаци

1.Објавувам, Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗУСК“Славко Лумбарковски“ - Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/9 Општина Новаци
25.10.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на
ЗУСК “Славко Лумбарковски“ - Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на Здружение на училиштен спортски клуб (ЗУСК)“Славко Лумбарковски“- Новаци во износ од 130.000,00 денари за реализација на спортски воннаставни активности во учебната 2022//23г..

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Барање од ЗУСК “Славко Лумбарковски“ – Новаци бр.17/1 од 23.09.2022 (наш број 08-894/1 од 30.09.2022)

Член 3

Средствата ќе се обезбедат од буџетот на општина Новаци за 2022г.и ќе се исплатат со посебно решение од Градоначалникот на општина Новаци.

Член 4

За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/13 Совет на општина Новаци
26.10.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на
ПЗУ „Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци

1.Објавувам, Одлука за одобрување на финансиски средства на ПЗУ „Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/10 Општина Новаци
25.10.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на
ПЗУ “Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци

Член 1
СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на ПЗУ “Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци во износ од 150.000,00 денари за поставување на инсталација за парно греење на палети во амбулантата во с.Новаци

Член 2
Составен дел на оваа Одлука е Барање од ПЗУ “Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци, бр.26/12 од 12.10.2022 (наш број 08-917/1 од 12.10.2022)

Член 3
Средствата ќе се обезбедат од буџетот на општина Новаци за 2022г. и ќе се исплатат со посебно решение од Градоначалникот на општина Новаци.

Член 4
За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства

Член 5
Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/14 Совет на општина Новаци
26.10.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци (“Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски

1.Објавувам, Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/11 Општина Новаци
25.10.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на градежни материјали за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски

Член 1
СЕ ОДОБРУВА набавка на градежен материјал (полиетиленско црево во должина од 150 метри и спојки) за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски, повратник во с.Тепавци.

Член 2
Составен дел на Одлуката е Барање наш бр.08-883/1 од 28.09.2022г. поднесено од Гоце Неделковски.

Член 3
Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2022г.

Член 4
Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки. За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства.

Член 5
Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци,,

Бр.14-921/15 Совет на општина Новаци
26.10.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за санирање на локален пат на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот „Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир

1.Објавувам, Одлука за санирање на локален пат на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот „Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/12
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.010.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за санирање на локален пат на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир

Член 1

СЕ ОДОБРУВА санирање на локален пат во должана од 2 км. на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир

Член 2

Составен дел од оваа Одлука е Барање (наш бр.03-867/2 од 20.10.2022г.) од Месна заедница на с.Скочивир

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2022 г.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/16
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК

за објавување на Одлука за за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ “Славко Лумбарковски“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

1.Објавувам, Одлука за за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ “Славко Лумбарковски“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г., донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/13
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот
на ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ вСлавко Лумбарковски в- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

Член 2

Составен дел на ова Одлука е Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.(наш бр. 15-290/4 од17.10.2022г.)

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-921/17
26.10.2022г.
Стевче Стевановски

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ „БАМБИ“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

1.Објавувам, Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г., донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-941/14
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“– Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“ - Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

Член 2

Составен дел на ова Одлука е Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“ - Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г. бр.05-25/3 од 17.10.2022г (наш бр. 05-292/6 од 17.10.2022г.)

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Новаци”.

Бр.14-921/18
26.10.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2022 до 30.09.2022

1.Објавувам, Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2022 до 30.09.2022, донесена на седница на Совет на општина Новаци одржана на 20.10.2022 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-941/15
25.10.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци ("Службен гласник на општина Новаци бр.5/02), Советот на општина Новаци Новаци на 17 седницата одржана на ден 20.10.2022 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НА БУЏЕТОТ

Општина Новаци периодот 01.01.2022 до 30.09.2022 година

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во Буџетот на општина Новаци за Периодот **01.01.2022** до **30.09.2022** година изнесува

		Збирни приходи и расходи Кварт3	Буџет за 2022 година		Наменска дотација за 2022 година		Самофинанс активности за 2022 година		Донации за 2022година		Кредити за 2022 година		Вкупно за 2022 година		
			План	Реализиро	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	Остана крај на 2022
		ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ	87.244.097	31.468.843	36.390.077	26.187.400	554.0000	328.674	731.635	542.468	0	0	124.919.809	58.527.385	66.392.424
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ	70.107.415	39.969.271	36.035.829	24.899.194	394.000	59.287	731.635	129.600	0	0	107.268.879	65.057.352	42.211.527
		КАПИТАЛЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ	48.684.684	31.943.383	0	0	0	0	0	0	0	0	48.684.684	31.943.383	16.741.301
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	65.821.366	22.592.334	354.248	1.700	160.000	0	0	0	0	0	66.335.614	22.594.034	43.741.580

Член 2

Планираните и остварените приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансите на приходи и расходи и тоа како што следува:

Одлука

Совет на општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска Стојковска

С О Д Р Ж И Н А :

1. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за организација на манифестацијата “Фестивал на жетвата“– Новаци 2022г.
2. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 год.
3. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за разрешување и именување на нови членови на Комисија за утврдување на штети од земјотрес
4. ЗАКЛУЧОК за објавување на Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Новаци
5. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола
6. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинско јавно претпријатие “ПЕЛАЛИНК”– Битола
7. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за именување нов член во Надзорен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена“ - Новаци
8. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за усвојување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2022г. на општина Новаци
9. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗУСК “Славко Лумбарковски“ – Новаци
10. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ПЗУ “Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци
11. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за приклучување на локален водовод во с.Тепавци на лицето Гоце Неделковски
12. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за санирање на локален пат на потег од рекреативниот центар Коњарка до манастирот “Св.Лука и Св.Наум Охридски“ с.Скочивир
13. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ “Славко Лумбарковски“- Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.
14. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ “БАМБИ“– Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.
15. ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2022 до 30.09.2022

Издава : Совет на општина Новаци
Печати : Совет на општина Новаци

Тираж: 20 примероци

Редакција:
Ангелевски Стевче - секретар

Редакциски одбор:
Јовановска Летка
Лозановска Николина